# Медиум

весник за сите средношколци

Четврток, 29.9.2016; година IV; бр. 24

www.medium.edu.mk


ТЕМА ЗА ДИЛЕМА



# Креираме ли медиумски (не)писмени генерации?

Голем број медиуми, заситеност од разни портали, море од контролирани и неконтролирани информации, опасност да се биде манипулиран или да се злоупотребат нечии лични податоци, но и можност самиот да создадеш и да понудиш медиумски производ на јавноста и да го кажеш својот став за одредено прашање. Ова е опкружувањето, опасностите и можностите што ги нуди современото општество, но за да можат тие правилно да се искористат од граѓаните, неопходно е тие да бидат медиумски писмени. Медиумската и информативната писменост е концепт кој уште од 80-тите години на минатиот век добива простор во наставните програми во училиштата низ светот, а денес средношколците во многу европски земји го изучуваат преку разни методи и како дел од редовната настава.

(Стр.5



Филм на средношколците од Гевгелија доби меѓународна награда стр. 2



ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

Со лопата во рака исфрлаше кал од поплавени домови стр. 3

Високата школа и „Нова Македонија“ ја одржаа трета медиумска лабораторија во Охрид стр. 8


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“

ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

ВОВЕДНИК



Славка Јанеска, професорка во општинското средно училиште „Св. Климент Охридски“ во Охрид

## Образoвен процес - чекор напред, два назад

Образованието во Република Македонија е процес кој се гради речиси еден век. Прашањата се каде се наоѓа, колку напреднало сите овие години и на кое место се наоѓа истото во однос на другите европски образовни системи. И секако најзначајното, колкава е неговата функционалност и примена во 21 век.

Прашања многу, а одговори зошто е образованието такво какво што денес го имаме во нашата земја нема. Ако се обидеме да најдеме причини и последици за сѐ што се случува денес, голема е веројатноста дека од корен се направени погрешни чекори во градењето на образовниот процес кај нас. Денес имаме образование кое се темели повеќе на теорија, а помалку на практика, имаме пренатрупани наставни програми.

На пример, еден иден правник или филолог не е потребно да изучува математика со ист фонд на часови како еден информатичар или електроинженер. Исто така, еден иден математичар не би требало да изучува историја во обем како ученик кој ги одбрал општествените науки. Друг проблем или пречка во образовниот процес во 21 век, век на Интернетот, е фактот што поголем дел од нашите училишта воопшто и го немаат. Следејќи ги, на пример, образовните системи на скандинавските земји како Финска и Норвешка, можеме да заклучиме дека тие го имаат приматот на најдобри и најфункционални образовни системи не само во Европа туку и во светот. Прашањето е како, а одговорот е едноставен. Таму се гради образование кое пред сѐ е применливо, образование кое само 30 отсто е централизирано, односно нормирано со наставни програми, а преостанатото е приспособено според потребите на учениците. Секако, овде не може да се заборави и еден важен момент - финансиите, бидејќи колку вложуваш толку и добиваш. Но факт е дека ние сме многу посиромашна земја од Финска и тука можеби „лежи“ и поголем дел од проблемот.

Тука морам да го споменам и екстерното тестирање кое во развиените системи е репер за знаењето на ученикот. Тоа не служи за казнување или за наградување, тоа е само своевиден тип на статистика за тоа до каде е образованието и според добрите или лошите резултати се гледа како и каде во иднина ќе треба да се менува. Сигурна сум дека има надеж за нашето образование, но само ако се случат промени за кои повеќе ќе се прашуваат учителите, оние кои секојдневно се со ученикот, а помалку оние кои се во канцелариите.

Сметам дека со мали промени можеме многу да добиеме, па така и нашите ученици во најскоро време да се најдат на врвот со најдобрите, зашто ние и можеме и имаме потенцијал.

# Филм на средношколците од Гевгелија доби меѓународна награда



Постер за филмот

Филмот за бегалците што го снимија средношколци од клубот „Јоска“ при средното општинско училиште „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија ја доби престижната награда „Плурал плус Балкан 2016“ (Plural+ Balkan 2016). Наградата ја добија во рамките на интернационалниот видеофестивал „Плурал плус“ (Plural+), во категоријата за средношколци од 13 до 17 години, на алијансата на Обединетите нации на цивилизациите и на Меѓународната организација за миграции.

Името на филмот е „Граници“ (Borders), снимен е на англиски јазик и обработува тема од бегалската криза и ситуацијата на децата во услови на мигрирање. Во негова конкуренција биле околу 400 филма испратени од целиот свет, а доделувањето на наградите, како што нѐ информираа, ќе биде на свечена церемонија во Њујорк наредниот месец, од 21 до 28 октомври.

На „Граници“ работел тим од шест средношколци, а тоа се Васко Трајков, Филип Аблаков, Матеј Аврамов, Стефан Шапкарев, Сретен Илиев и Лазе Раманчев, а во улогата на ментор и монтажер бил професорот Тони Аврамов.

Со освојувањето на наградата истата екипа доби можност и следната година да учествува на меѓународниот проект „Дањуб пис боат 2017“ (Danube Peace Boat 2017), како и на „Пис литераси проџект“ (Peace Literacy Project) и на „Дањуб вејвс арт академи“ (Danube Waves Art Academy).

Фестивалот „Плурал плус“ претставува иницијатива која вклучува мрежа од над 50 партнерски организации што ги поддржува напорите на креативните млади луѓе и ги дистрибуира нивните видеа од целиот свет.

Овој меѓународен натпревар се одржува од 2009 година и досега на него имало речиси 1.300 учесници од 90 земји. Покрај категоријата за средношколци, награди се доделуваат и во категорија за возрасни групи.

Т.А.

## Изложбата за Ана Франк го посети „Корчагин„

Средното скопско училиште „Раде Јовчевски-Корчагин“ пет дена беше домаќин на патувачката изложба „Ана Франк - историја за денес“, која претставува збир од 39 панели за животот на малата Ана и нејзиното семејство за време на Втората светска војна. Изложбата досега гостувала во четириесетина земји, а отворањето во Македонија се случи во Министерството за надворешни работи, во чест на одбележувањето на Меѓународниот ден на сеќавање на Холокаустот, 27 јануари. Во скопската гимназија, пак, настанот траеше од 12 до 16 септември, а беше организиран под менторство на професорите Валентина Костовска и Атанас Сопотски.

Она што ја направи оваа изложба поинаква е што водичи за посетителите беа млади волонтери, средношколци од втора година во „Раде Јовчевски-Корчагин“, и тоа Марија Штерѓиска, Кирил Митановски, Тамара Ѓоргиева, Ѓорѓи Докузов и Дина Настов, кои ја поминале обуката за да ја раскажат приказната на Ана Франк.

„Никогаш да не се повторат ужасите од Втората светска војна и од Холокаустот на Евреите“ и „Историјата нѐ учи на лекции од минатото, лекции кои нѐ опоменуваат и кои не смееме да ги заборавиме“ се некои од пораките кои преку оваа изложба на фотографии и филм беа пренесени до младите.

Во Македонија таа се организираше во рамките на проектот „Хисторија, Историја, Повјест - лекции за сегашноста“, под покровителство на Младински образовен форум и Куќата на Ана Франк од Амстердам. Се прикажуваа и панели креирани посебно за македонскиот контекст - во периодот по Втората светска војна до денес, што ги изработиле домашните експерти Мишо Докмановиќ и Бесник Емини.

В.К.




## Учениците од ЈБТ учествуваа во Европската недела на мобилност



Со возење велосипеди низ главниот град, средношколците од скопската гимназија „Јосип Броз Тито“ беа дел од Европската недела на мобилност која традиционално се одбележува и во Скопје. Таа траеше од 16 до 22 септември, а гимназијалците беа дел од големото велосипедско дефиле низ градските улици и булевари, што се одржа на последниот ден кој, воедно, е прогласен и за Ден без автомобили. Во текот на Европската недела на мобилност имаше многубројни активности и проекти чија цел беше да се креираат навики за користење на алтернативни видови транспорт кај луѓето кои живеат во градовите. Град Скопје ја реализираше оваа кампања во соработка со невладината организација ОРТ, со делегацијата на Европската Унија во Република Македонија, со Министерството за животна средина и просторно планирање и со програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Годинашната тема на кампањата беше „Паметна и одржлива мобилност - влог за Европа“, и во неа средношколците и сите други граѓани имаа можност да се образоваат, да спортуваат, да се натпреваруваат, да разменуваат позитивни искуства и да учествуваат на трибини и форуми посветени на одржливиот транспортен систем. Покрај Скопје, во Европската недела на мобилност учествуваа околу две илјади града низ Европа.

А.А.С.

Медиум

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004 и Александар Самарџиски, aleksandar.sa@novamakednoija.com.mk
**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

## Средношколците од Кавадарци дел од „Тиквешки гроздобер“

Плоштадот во Кавадарци и овој септември беше местото каде што се одржа манифестацијата „Тиквешки гроздобер 2016“, а на неа учествуваа и учениците од средното општинско земјоделско-шумарско училиште „Ѓорче Петров“.

Многубројни штандови поставени од многу винарници, меѓу кои еден беше на средношколците. На него имаше изложено вино кое тие сами го произведуваат, како и грозје од сопствената економија.

Освен на штандот, учениците учествуваа и на винскиот карневал на кој се претставија со поставката „Библиска легенда за Св.Трифун“. Манифестацијата „Тиквешки гроздобер“ траеше четири дена, од први до четврти септември.

**Теодора Димитриева, четврта година во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ во Кавадарци**

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

# Со лопата во рака исфрлаше кал од поплавени домови

СРЕДНОШКОЛЕЦОТ ДАНИЕЛ ШИЈАКОВСКИ ОД СУГС „ОРЦЕ НИКОЛОВ“ РАСКАЖУВА ЗА СВОЕТО ИСКУСТВО КАКО ВОЛОТЕР ВО ПОПЛАВЕНИТЕ ПОДРАЧЈА ВО СКОПСКО



Три дена поминати во Ченто и во Стајковци, работејќи доброволно на терен и помагајќи им на семејствата да се справат со штетите од поплавите кои го зафатија Скопско на 6 август оваа година. Ова е еден од најсилните спомени по кои Даниел Шијаковски ќе го памети неговиот последен летен распуст како средношколец.

Тој е матурант во скопската гимназија „Орце Ников“ и вели дека ова била прва волонтерска акција во која учествувал, но се надева дека не и последна. За нејзиното организирање дознал преку Фејсбук, веднаш се пријавил и наредниот ден веќе бил на терен. Го распоредиле во тим и заедно со неговата екипа помагале во две-три куќи дневно, во зависност од штетите.

- Тоа што го видов таму засекогаш ќе ми остане во сеќавање. Мислев дека такви нешта има само на филм. Имаше куќи кои речиси беа полни со кал. Работата, искрено, беше многу тешка, имаше ситуации кога не можевме калта да ја вадиме со лопати, бидејќи беше премногу леплива, па моравме со рацете да ја „одлепуваме“ од подот, но не ни очекувавме нешто поинакво, и некако сè беше полесно знаејќи зошто го правиме сето тоа - вели Даниел.



Во просек, вели, од еден дом исфрлале по два мали камиони кал. Кога го прашавме како му поминувал еден ден на терен, најпрво кратко ни одговори: „Немав време за ништо друго, буквално ќе си дојдев навечер дома, легнував да спијам и наутро пак на терен“.

Кон местата погодени со поплавите тргнувале во девет часот. Кога ќе пристигнеле веќе биле опремени со лопати, чизми и маски.

- Организаторите ни ги кажуваа адресите на куќите и не се враќавме додека домаќините не нè избркаа - низ смеа ни одговори средношколецот, додавајќи дека имало и случаи кога тие со лопати во раце не можеле да исчистат сè, била потребна механизација за целосно да се исчисти калта, но секогаш гледале да помогнат колку што можат.

Семејствата на кои им помагале, како што сведочи, ги пречекувале со насмевка и благодарност, правеле сè што можат за да им ја олеснат работата.

- Секоја куќа беше одделна приказна и нема да заборавам ниту едно од семејствата на кои им помогна мојот тим. И тие како и јас беа изненадени од тоа колку луѓе работеа доброволно за да помогнат во чистењето на куќите. Како поминуваше денот, се собираа сè повеќе луѓе од сите возрасти. Беше многу убаво да се види како и стари и млади, од која било етничка припадност, доаѓаа заедно да помогнат за да сите луѓе погодени од поплавите си го вратат животот во нормала - раскажува средношколецот.

Приказната за бабата што си го барала кучето е онаа што тој најмногу ќе ја памети. Два и пол часа, му раскувала, водата ѝ го носела кучето. Утрото таа тргнала да го бара, одела секаде каде што соседите ѝ кажале дека брановите го носеле нејзиното милениче.

- Ни самата не знае како издржала да продолжи да го бара, но на крај го пронашла и сега го чува во голема куќарка која ја направиле некои волонтери што биле таму пред нас - сподели Даниел.

Добро завршената работа, вели, се должи и на одличната организација, а некои од организаторите биле и Демијан Хаџи-Ангеловски и Павле Погоевски, кои им обезбедиле превоз, опрема итн.

Разговорите за тоа што треба да се направи, дека во Македонија повеќе не постои човечност и сл. му биле главна провокација да се вклучи во волонтерската акција.

- Мене лично поплавите многу ме погодија, бидејќи иако не живеам во близина на тие населби, имам многу блиски луѓе таму на кои сакав да им помогнам на кој било начин - додава тој.

Пред да се пријави за акцијата и да отиде на поплавените места, неговата соученичка Симона Туфегиќ прва го насочила кон волонтерските активности, па со две другарки помагале и во распределувањето на донациите, како храна, хигиенски средства итн.

Со гумени чизми и со лопата во рака на терен, вели, не сретнал никој од своите соученици, па им порачува кога ќе можат нека помогнат и нека покажат дека хуманоста сè уште „дише“ меѓу народот.

Од лекцијата на овој тридневен „час по волонтерство“, како што сведочи, видел колкав може да биде импактот од една ваква трагедија не само врз градот туку и врз целата држава.

- Имаше волонтери кои доаѓаа од сите краеви на Македонија, од различна етничка припадност. Но во тие моменти сите бевме исти. Не беше важно дали си Македонец или Албанец, дали имаш 17 или 40 години. Тука си со една цел и нема да застанеш додека не ја завршиш работата - вели Даниел.

Деновите во Стајковци и во Ченто, како што кажа, сигурно ќе му бидат едни од највпечатливите од средношколските распусти. Од училишните клупи и ходници, пак, како што вели, сигурно ќе ги памети дебатите во кои учествувал, анегдотите и лапсусите за време на часовите, како и тренирањето кошарка. Додека во оваа последна учебна година како средношколец заедно со другарите и соучениците ќе ги збогатува спомените со нови, нашиот соговорник ќе размислува и што по завршувањето на средното образование. Засега, вели, амбициите му се насочени кон студирање на Електро-техничкиот факултет.




**Александар Самарџиски**

КАДЕ БЕВМЕ?

СУГС „ГЕОРГИ ДИМИТРОВ“

# Ги негуваат другарството, солидарноста и емпатијата



Со историја подолга од половина век, богато искуство од многубројни натпревари, културни настани и проекти, соработка со организации и институции, но пред сè визија за развивање на свеста и врежување на трајни и применливи знаења и вештини кај учениците е она со што може да се пофали средното училиште „Георги Димитров“ од Скопје.

Во него, овој прв септември звончето заѕвони за точно 1.260 средношколци кои учат во вкупно 42 паралелки. Новата учебна година започна и со нов изглед на училиштето, бидејќи се реконструираше фасадата, со што се вброи меѓу училиштата со енергетска ефикасност.

Секој од 1.260-те ученици, велат вработените, е почитуван како личност без оглед на своите способности, талент, пол, раса, култура, традиции, националност, верска припадност и социјална положба. Исто така, наставниот кадар го воспитува ученикот да ја почитува и личноста на своите соученици, наставници, родители. Покрај почитта, додаваат, таму се негуваат и другарството, искреноста, солидарноста и емпатијата.




Ако ги прашаат наставниците и учениците во „Георги Димитров“ со што може да се пофалат само од минатата учебна година, ќе се добијат разни одговори. Тоа е така, сведочат, затоа што реализирале многубројни активности од воспитно-образовен, културен и забавен карактер.

Учеството и наградите на градски и на републички натпревари се еден од тие одговори, а спомените од редовните излети и екскурзии од стручен и рекреативен карактер се, пак, она што го раскажуваат други.

Манифестациите како што се спортските или онаа за одбележување на месецот на книгата, како и изложбите на производи кои биле изработени во училишните работилници се уште некои од искуствата за кои може да се слушне низ ходниците на „Георги Димитров“.

Во училишниот двор, пак, и оваа година има екопано на кое учениците, наставниците и родителите редовно ќе се информираат за реализацијата на програмата за Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем. Од оваа област, „Георги Димитров“ веќе трет пат е добитник на Зелено знаме.

Во ова училиште може да се сретнат и средношколци кои ќе раскажат и за тоа како се снима видеоспот за песна, бидејќи учениците кои се активни членови на драмскиот креативен центар „С’КЛЕТ“ учествувале во спотот на групата „Суперхикс“ за песната „Скок“.



Свежи се сеќавањата и за перформансот со кој пред околу три години во Драмскиот театар се одбележаа 50 години од катастрофалниот земјотрес во Скопје.

Кога станува збор за земјотресите, наставниот кадар и средношколците се горди и на тоа што минатата година кај нив била изведена показна вежба за евакуација, која била прва од ваков вид и обем во главниот град. Имено, учениците и вработените добиле детални инструкции за тоа како соодветно да реагираат во реална ситуација на земјотрес. Во таа тактичко-показна вежба учествувале припадници на противпожарните служби, Брзата помош, полицијата и Црвениот крст.

Покрај со овие институции, како што сведочат од училиштето, соработуваат и со многубројни невладини организации, како и со спортските друштва, што придонело во агендата за оваа учебна година да го вметнат и планот за оформување сопствен ученички спортски клуб „Георги Димитров“, кој во координација со Град Скопје би реализирал низа спортски активности.

И оваа година, како и во минатите, се очекува за средношколците да се организираат низа едукативни предавања од областа хумани односи меѓу половите и од областа превенција од користење наркотични средства, а се во интерес на здравјето на учениците.

За сите овие проекти, соработки, активности и успеси допрва ќе се раскажува, за голем дел од нив ќе се раскажува и по 20-30 години, како што сега се раскажува за она што било „Георги Димитров“ во 80-тите и во 90-тите години од минатиот век.

Имено, меморијата за петдецениското постоење говори дека ова училиште е изградено во далечната 1964 година, една година по катастрофалниот земјотрес во Скопје, како помош од бугарската влада. Во него се образувани ученици од гимназиска струка сè до 1984 година, кога започнуваат реформите во образованието.



Во 1989 година училиштето функционира во составот на ДСУ „Здравко Цветковски“ како еден училиштен центар, а во него се сместени ученици од дрвопреработувачката струка. Таа година дрвопреработувачката струка се одвојува како одделно училиште под името „Георги Димитров“. Девет години подоцна се воведува гимназиското образование, а во 2000 година и шумарската струка.

Денес средното образование за гимназијалците трае четири години, а една помалку за оние кои се запишуваат на шумарско-дрвопреработувачката струка. Училиштето е партнер со Германија, па гимназијалците во рамките на една специјализирана паралелка во сите четири години го изучуваат германскиот јазик со зголемен фонд на часови.

Како и досега, велат, и во иднина ќе бидат посветени на својата мисија да ја применуваат современата образовна технологија, да ги следат трендовите и модернизацијата, да го усовршуваат наставниот кадар и да ја развиваат свеста кај учениците за екологијата, меѓуетничката толеранција и соживот.

**Марина Иванова, професорка по македонски јазик и литература во СУГС „Георги Димитров“**



ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

# Креираме ли медиумски (не)писмени генерации?

Продолжение од стр. 1



Да се биде медиумски писмен средношколец значи ученикот да може да анализира информации, да препознае што е вистина, а што е лага, да знае како работат медиумите, но и самиот да може да ја користи модерната технологија и медиумските техники, да создаде медиумска содржина, односно да има автентичен и критички однос кон општеството.

Анализата на состојбите во Македонија покажува дека образовниот систем во земјава ги затвора вратите за медиумската писменост, а наставниците и учениците имаат само општи познавања за неа.

- Никаде, во ниту еден документ - закон, стратегија, програма за развој на образованието, медиумската писменост не е инкорпорирана наспроти многубројните реформи на наставните програми и предмети, како во основното така и во средното образование - се констатира во извештајот „Медиумската писменост во Македонија: алатка што недостасува за активно граѓанство“, истражување кое го спроведе Високата школа за новинарство и за односи со јавноста.

Еден од предусловите за медиумската писменост да стане дел од образовниот процес е во текот на наставата активно да се користат информативно-комуникациските технологии, како компјутерите и Интернетот. Разговорите со десетици средношколци и наставници кои биле вклучени во истражувањето покажале оти во средните училишта не постојат доволно услови.

Според средношколците, некои од училиштата имаат едвај еден кабинет со интернет-поддршка и тој најчесто се користи со претходно закажување соодветен термин, а на слични проблеми се пожалиле и нивните наставници.

- Кај нас има само една просторија во која има Интернет и треба да закажеш однапред барем две-три недели. Нема услови - истакнува еден професор. Уште еден проблем за изучување на медиумската писменост во средните училишта, според истражувањето, е тоа што нема обуки за користење на новите медиуми во наставата. Потребни се, како што се констатира, обуки за новите медиуми, но и ресурси, бидејќи досегашните обуки што биле организирани од Бирото за развој на образованието и од Министерството за образование и наука се однесувале на техниките за интерактивна настава.

Учениците многу брзо се запознаваат со можностите на медиумите и како да ги користат, но немаат доверба во нивните содржини.

- Учениците реагираат лошо. Велат дека не сакаат да слушаат за медиумите, затоа што сето тоа е лага. Така велат деведесет проценти од нив. Имаа отпор кога им предавам за радио, за телевизија и за весници - посочил еден од наставниците.

Тоа што учениците се чекор пред искуствата и знаењата на нивните наставници и тоа што на часовите отсуствуваат дискусиите за медиумската писменост, според резултатите во извештајот, се одразува лошо врз знаењето на средношколците за влијанието на медиумските пораки, вештините на интерпретација, улогата и функциите на медиумите и особено врз создавањето критички однос кон нивните содржини.

Сепак, разговорите со учениците покажале оти тие имаат развиена свест дека медиумите имаат влијание врз нив, односно сметаат дека тие се обидуваат да ги привлечат со специфичен јазик, драматичност, емотивност. Важно е да се истакне дека учениците кои биле дел од истражувањето сметаат дека во Македонија постои медиум што презентира неутрална слика во вестите.

- Проблемот со медиумите во Македонија е што ние, младите, мислиме дека тие се пристрасни и дека информациите што ни се пласираат се неточни и нема да влијаат добро на нашиот интерес - истакнал еден средношколец.

Кога станува збор за содржините кои ги нудат телевизиите, заклучокот даден во истражувањето е оти тие немаат интересни понуди за средношколската публика. Забележале оти националните канали се окупирани со турски телевизиски серии и со турбофолк манифестации на помалку познати музички ѕвезди.

- Сметаат дека нивни консументи се повозрасните гледачи, пензионерите, додека родителите најчесто се преокупирани со вестите на интернет-сајтовите или на телевизија. За нив, како млади, понудените турски серии и турбофолк шоуата се „под нивното културно ниво“ - се наведува во извештајот на Високата школа. Сепак, некои од учениците вклучени во истражувањето одговориле и оти ги следат дебатните емисии кои третираат теми од актуелниот општествен и политички живот. Најкористен медиум од средношколците, според извештајот, е Интернетот. Од социјалните мрежи доминира Фејсбук, потоа Инстаграм и Снапчет, а многу поретко Твитер. Дури потоа следуваат другите медиуми, телевизијата, радиото и, на крај, печатот.

**Александар Самарџиски, новинар на „Нова Македонија“ и дипломиран студент на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**

## Што да се направи?

Во истражувачкиот извештај од Високата школа даваат и препораки за тоа што треба да се направи за медиумската писменост да стане дел од образовниот систем во Македонија. Организирање конференции и други јавни настани, развивање соодветни програмски целини за медиумско образование во задолжителните наставни програми за основно и за средно образование се само некои од препораките.

Исто така, се наведува и потребата од усовршување на наставниот кадар за овој вид образование, како и за информативно-комуникациските технологии. Потребен е и дијалог помеѓу институциите, родителите, невладините организации и медиумската индустрија. Само на овој начин медиумската писменост може да стане дел од образовниот систем на Македонија и да има свое влијание во едуцирањето нови генерации млади и критички активни граѓани.

## Застарени програми кои не помагаат во личниот развој на ученикот

Дел од образованието за медиумска писменост опфаќа и подготвување на учениците да бидат граѓански активни и да креираат критички однос кон општеството. Меѓутоа, според некои средношколци, наставните програми во средните училишта кај нас се застарени, нивните содржини не поттикнуваат размена на мислења и ставови. Други, пак, посведочиле дека постојат некои наставници кои умеат одредени лекции да ги постават во форма на дебата, а се издвојуваат и мал број поединци кои ја почитуваат слободата на мислењето.

Додека за наставните програми учениците сметаат дека се застарени, за вонннаставните активности, пак, истакнале дека ги откриваат нивните интереси и потенцијали. Меѓутоа, како што покажува извештајот на Високата школа, средношколците немаат мотивација за нивно следење, бидејќи тие треба да се спроведуваат вон редовната настава и за време на викендите, а редовната настава им е обемна. Најинтересни за нив, како што се забележува во истражувањето, се активностите посветени на драмата, дебатата, училишниот весник и посетата на државните институции. Слични искуства споделиле и наставниците.

- И со е-дневник има проблем и со сè. Значи, тоа е така организирано. А за децата веќе да не зборуваме колку тие имаат други обврски и проектни активности. Мислам, тоа е експлозија - посочил еден од нив.



ИНТЕРВЈУ СО МАРТИН КОЛОСКИ, УЧЕНИК ВО ЧЕТВРТА ГОДИНА ВО ОСУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО ОХРИД

# Борец за природата и за правата на човекот и животните

Желба за подобар еколошки свет и амбиција да се заштити природата, но и почитување на човековите и правата на животните. Вака накусо, во една реченица може да се опише матурантот во охридската гимназија „Св. Климент Охридски“, Мартин Колоски. Средношколец кој активно учествува во низа граѓански акции, ги следи проблемите кај нас и во светот и вели дека со својот активизам настојува да ги поттикне луѓето околу него да ја разбудат својата свест.

**Што те поттикна да бидеш активист?**

Не можам да се наречам себеси активист само затоа што придонесувам кон чиста животна средина, напротив, тоа треба да го правиме сите ние. Но тоа може да биде добра мотивација за сите, бидејќи кога ќе видите некој како чисти, ќе ве охрабри да му се приклучите во акцијата.

**Член си на неформалната охридска организација „Чист Охрид“, која стана многу популарна кај младите. Што, всушност, е „Чист Охрид“?**

Поттикот за формирање ваква еколошка организација се местата полни со отпад, кои ни се како трн во око. Група луѓе се организиравме и решивме да ставиме крај на тоа. Со тоа произлезе нашата неформална организација која дејствува хоризонтално, односно без лидери и во директна акција.

**Како се одвива една ваша акција?**

Најпрвин со членовите на групата ја одбираме локацијата, следен чекор е пребројување на тоа што ни останало од донациите во смисла на медицински ракавици, ќеси за отпад и слично, па ја информираме јавноста по локалните телевизии и портали, како и на социјалните мрежи. На крај, се собираме сите ентузијасти на договорената локација и ја средуваме.

**Какви отпадоци најчесто наоѓате на местата каде што чистите?**

За време на акциите кои ги спроведуваме се среќаваме со најразличен отпад, почнувајќи од пластика, градежен отпад, мешан отпад и медицински отпад, кој е и најстрашен. Него го депонираме во специјална кутија за медицински отпад, користејќи ракавици од поцврст материјал.

**Кој е твојот впечаток, дали Охрид е многу загаден?**

Охрид генерално е чисто место, но секако има зелени површини натрупани со ѓубре, поради ниската еколошка свест на граѓаните. Затоа треба сите заеднички да ги едуцираме, најпрвин најмладите на позитивни еколошки вредности.

**Покрај за екологијата, се залагаш и за заштита на животинските и човековите права. Колку младите се заинтересирани за овие области?**

Генерално за екологијата, свеста на младите луѓе е на многу ниско ниво, ретко се случува некој нов да ни се приклучи на акција или да нè поддржи во она што го правиме. Но сум оптимист дека таквата ситуација може да се смени. Истото се однесува и на човековите и заштитата на животинските права. Тоа е поле кое треба сериозно да се разработи меѓу младата популација.

**Бидејќи си љубител на животни, каков е твојот став за користење на истите во исхраната?**

Сметам дека не е потребно да се користат животните како храна во едно вакво цивилизирано општество, каде што имаме можност да го добиеме она што ни е потребно во секојдневната исхрана без да ги убиваме животните.



**Дали летово учествуваше во некоја акција?**

Ова лето бев активно вклучен во кампањата на Фронт 21/42 наречена „Едно е - вредно е!“. Имено, кампањата има цел зачувување на охридскиот регион, единственото подрачје во Македонија заштитено од УНЕСКО, со што целосно би се откажале планираните градежни активности, главно на Галичица и на Студенчишко блато.

**Дали мислиш дека со вакви организации ќе се разбуди еколошката свест кај граѓаните?**

Свеста кај граѓаните, претежно кај младите е на многу ниско ниво, но сум оптимист и се надевам дека ќе го смениме тоа.

**Имаш ли некоја порака до младите?**

Чувајте ја околината, организирајте се и стапете во акција.

**Ева Ристова, четврта година во ОСУ „Св. Климент Охридски“ во Охрид**

---

ДАМЈАН ГЕОРГИЕВСКИ, УЧЕНИК ВО ВТОРА ГОДИНА ВО СУГС „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

## Од Младинскиот лидерски камп учел за лидерството

Идеално место за самопознавање и развивање, стекнување вештини од неформалното образование како за демократијата, животната средина и општествената одговорност, но пред сè учење вештини за лидерството. Вака во една реченица Дамјан Георгиевски го опишува Младинскиот лидерски камп.

Дамјан е втора година во средното скопско училиште „Браќа Миладиновци“ и веќе две години по ред е дел од кампот кој се одржува во одморалиштето „Шула Мина“ во Крушево. Тој вели дека тука стекнал одлично искуство, нови знаења и многубројни пријателства.

- Ми се отворија многу можности за во иднина, научив да ја гледам позитивната страна на луѓето. Исто така, кампот ме измени и претвори во посамоуверена личност. Дефинитивно можам да кажам дека тоа е место за стекнување нови вештини и откривање нешта за кои сме способни, а не сме биле свесни - вели Дамјан.

Тој додава дека благодарение на ова искуство, изминатото лето ќе го памети како едно од наједукативните и најавантуристичките досега.

Заедно со него кампувале околу 70 средношколци на возраст од 14 до 18 години од цела Македонија. За нив се задолжени триесетина волонтери чија задача е да ги подучуваат камперите за работи што младите луѓе треба да ги знаат за нивниот развој и созревање.

За Дамјан, како што вели тој, покрај учеството во секојдневните активности, едно од највредните искуства е и запознавањето и дружењето со тинејџерите кои се од различна верска или етничка припадност. Деновите поминати на кампот, сведочи, се исполнети и со низа други активности како бејзбол, јога, медитација, пронаоѓање на внатрешниот мир, поезија итн. Ова, според неговите раскажувања, е типичен американски стил на кампување, што и не е за изненадување бидејќи организацијата е во рацете на Мировниот корпус на Америка и на ИМКА од Битола, како и со делумна поддршка од Амбасадата на САД во Република Македонија.

Покрај овој, се одржува и камп за девојки, кој се вика „Глоу“ (GLOW), на кој и тие имаат можност да се стекнат со истите вештини и искуства.

**Наташа Арсова, четврта година во СУГС „Браќа Миладиновци“**



# ЈАС МИСЛАМ ВАКА

## Нашето општество се „коцка„ со својата иднина

Иднина. Зарем не е тоа она кон кое копнееме, кон кое со секој изминат ден, секоја измината минута, секоја секунда чекориме? Без разлика на сегашноста, секогаш останува надежта за некое подобро утре, која нè тера да продолжиме да се бориме.

Мене, на неполни осумнаесет години, ме боли иднината. Ме јаде стравот од тоа што може да биде. Како матурант сè повеќе ме притиска прашањето: „Што по завршувањето на средното образование?" Сакам да студирам македонски јазик и литература. Кај малкумина наидувам на разбирање, а мене, пак, разбирливо ми е нивното неразбирање. Во момент кога речиси секој ја гледа иднината каде било само не во земјава, во момент кога речиси секој го велича туѓото и му завидува, а се срами од своето, се наоѓа некој „паметен" што сака животот да му го посвети на јазик кој е „во изумирање". Во главата ми одѕвонуваат зборовите на моите родители: „Размисли убаво Ана, нема иднина од тоа". Нема иднина!? Каде одат тогаш сите желби и мечтаења, сите планови и целиот вложен труд за таа светла иднина!? Душата ми се дроби, ми се пара на најситни парчиња. „Нема иднина тука" - сè почесто се случува да слушнам од некој другар кој со радост зборува за успесите кои би ги постигнал некаде надвор, некаде каде што би можел да го даде својот максимум и каде што би бил ценет за тоа, некаде каде што би бил сè она што не може да биде и што нема можност да го направи тука. Но не се виновни тие што се обидуваат да ги исполнат своите желби и да ги докажат своите квалитети. Главниот виновник е општеството кое не им нуди сигурна иднина на своите млади. Виновно е општеството кое направило сè за да нè оддалечи. Виновно е општеството кое нè деградира и уназадува. Виновно е општеството кое „се коцка" со својата иднина. Виновни сме сите ние, сите кои сме дозволиле да дојде до ова ниво, кога секој чекор назад е несигурен, а напред уште понесигурен...



Ова не се мои, лични зборови, ова се зборови на револтиран средношколец, кој е незадоволен од она што е сега и уште понезадоволен од она што го чека, ова се зборови на очаен студент кој стравува за својата егзистенција од професијата која го исполнува, ова се зборови на пожртвуван родител кој со засушени солзи „го турка" од себе своето најмило од страв да не „заглави" тука. Одлуките се нешто свое, поединечно и индивидуално. Тежината на личните одлуки е огромна, затоа што како такви тие ја креираат иднината на нешто многу поголемо, на нашата татковина.

Ана Николовска, четврта година во СУГС „Георги Димитров"

## Образованието е за нас, дозволете да се изјасниме

Една мисла што неодамна ми се вртеше во главата седејќи во школските клупи беше тоа дека ние станавме роботи на образовниот систем. Исто како што сите дискутираат на темата дека технологијата нè има направено роботи и дека живееме во виртуелен свет, ние, за жал, стануваме и роботи на образовниот систем. Наместо од нас училиштето да гради одговорни и совесни граѓани кои во иднина активно ќе бидат вклучени во граѓанскиот сектор и ќе донесуваат важни одлуки во општеството, нас уште од мали нозе нè програмираат само да ги следиме инструкциите на другите без да градиме свој критички став.

Во текот на целото школување ние само седиме во клупите и слушаме нечиј глас од другата страна како слепо нè води некаде и ни наметнува мислење без да нè натера да се запрашаме дали всушност тоа е правилно или не. Во текот на школувањето ние учениците само молчиме и слушаме додека некој зборува. А кога некој од нас ќе се осмели да зборува и доколку има поразличен став, тогаш тој, најчесто од поконзервативните личности, е наречен „арогантен" (иако има и исклучоци и секоја чест за нив!).

Но ако тие навистина сметаат дека се во право, тогаш зошто аргументирано нè ни го докажат тоа? И зошто релацијата професор - ученик мора да се заснова на фактот дека професорот е тој што ни предава знаење и дека него мора бескомпромисно да го следиме, без да негираме што не ни се допаѓа? Зошто да не биде слушнат и нашиот глас, а не само ние да го слушаме нивниот? Тие се оние кои би требало да нè изградат како личности и да направат да размислуваме критички. И сметам дека тоа треба да е главната цел на образовниот систем.

И да, нашиот глас воопшто не се слуша. Не се слуша кога нечие предавање или начин на работа не ни се допаѓа. Не се слуша ниту кога одреден проект што почнал да се спроведува во училиштето не ни се допаѓа. Ниту кога сакаме некоја нова промена.

Сметам дека е време тој скептицизам да исчезне. Способни сме да дадеме предлози што ќе го водат образовниот систем напред. Способни сме да размислуваме критички и да кажеме дали нешто е добро или не. На крајот, образованието е за нас учениците. Затоа дозволете да се изјасниме какво образование сакаме!ќ

Марија Цветаноска, трета година во ОСУ „Св. Климент Охридски" во Охрид



## И младите во малите градови сакаат културни настани и места за рекреација



Отсекогаш било важно младите да бидат задоволни, реализирани, да имаат услови во кои ќе ги остваруваат своите афинитети без оглед дали станува збор за оние кои живеат во големите метрополи или за мало место како што е моето, Гевгелија.

Најважни од сè се пристапот и начинот со кои ќе се побудат одредени интереси кај најенергичната категорија на луѓе, како ќе се збогати нивното секојдневие од аспект на културата, забавата, социјалниот живот итн. Работи кои можеби изгледаат како „ситници", но кои се толку битни за нас. Работи кои во мојот град недостигаат.

Глобализацијата, развојот на општеството ги тера младите да размислуваат пошироко, да се зголемат нивните апетити за реализација на нови идеи, за градење и отворање на објекти од културен и забавен карактер. Недостигот од таквите места, како кино-сала, куглана, трговски центар, базен, е воочлив уште на прв поглед. За мнозина тоа создава одбивност кон самиот град, што нè доведува до уште еден проблем, односно желбата да се замине оттука. Немањето други можности води и до затворање дома, каде што младите сè почесто ја добиваат можноста да се дружат со нивните најдобри „другарчиња" - телефоните, компјутерите, телевизорите.

Мислам дека како помал град би требало да обратиме повеќе внимание на можностите кои ги имаме или немаме за изразување на младите. Потребни ни се повеќе настани од различен карактер кои редовно ќе се одржуваат. На тој начин ќе се надградат и младинскиот интелект, креативноста, солидарноста...

На пример, имаме голем број часови по екологија во образовната година, меѓутоа еколошката практика од ден на ден сè почесто опаѓа. Затоа сметам дека се потребни работни акции во кои младите ќе внесат голем физички труд и добро ќе воочат дека заштитата на природата е далеку поважна од можеби нивните обратни ставови и размислувања на оваа тема. На пример, би можеле да се бетонираат кантите за отпадоци, кои инаку често и лесно се оштетуваат и „откорнуваат" од пијани млади минувачи.

Друго, за младите кои, нормално, имаат потреба од релаксирање со музика и поголемиот дел од денот го поминуваат со слушалки на ушите, може да се организираат часови по латино или други танци. За тоа се потребни само ентузијазам и простор. Во меѓувреме, дали имаме простор за изразување на своите идеи и реализирање на нашите потреби и дали во Гевгелија има место за црвен тепих за уметноста се прашањата што секојдневно си ги поставуваме. Фактот дека живееме во мал град треба да ни даде до знаење дека имаме можност лесно и брзо да се организираме, можност што секојдневно ја пропуштаме. Нели велат „иднината е во младината", па би било добро ако ги искористиме можностите што побрзо и со пример да одговориме на прашањата.

Ана Шапкарова, трета година во СОУ „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија

## ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Трета медиумска лабораторија во Охрид





Четириесетина ученици од охридската гимназија „Св. Климент Охридски“ учеа како се прави весник и како се пишуваат вести. Предавањето за основите на новинарството го реализираа Дејан Андонов, предавач на Високата школа и Жарко Василевски, новинар во дневниот весник „Нова Македонија“.

Овие еднодневни работилници се организираат за да им се доближат на младите професионалните новинарски стандарди и процесот на креирање вести.

Организатори се „Нова Македонија“ и Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, а реализацијата е овозможена со поддршка на Европската Унија.

Работилниците се организираат на месечно ниво. Ги повикуваме средните училишта кои се заинтересирани да бидат домаќини да се пријават на интернет-адресата medium@medium.edu.mk.

## СОВЕТУВАМЕ: Заштити си ја приватноста

Законот за заштита на личните податоци (ЗЗЛП) ги предвидува следните права:

**Право да бидеш информиран**

ЗЗЛП предвидува право на секој граѓанин да знае кои податоци контролорите (физичко лице, фирма, државен орган или друго тело кое поседува или води збирка на лични податоци од граѓаните, ги утврдува целите и начинот на обработката на личните податоци) ги собираат и чуваат за нив. Исто така, во Законот е предвидено и право на секого да знае за која цел ќе се собираат и чуваат негови лични податоци. Во случај кога го знаеш лицето, односно контролорот, кое има твои податоци, ти мора да бидеш информиран за целта заради која се прибираат и чуваат личните податоци.

**Право на пристап/увид**

ЗЗЛП го гарантира правото на секого да дознае кои лични податоци се собираат и чуваат за него. Тоа значи дека ти имаш право да се обратиш до лицето или до која било организација која обработува твои лични податоци (банка, продавница, клуб, здружение, невладина организација итн.), а тие се должни да одговорат на твоето барање. Со ова право ти вршиш контрола на точноста на твоите податоци. Доколку истите се неточни, застарени и сл., ти имаш право да бараш исправка на истите. ДЗЛП не собира и не чува лични податоци за граѓаните, туку само води Централен регистар на збирките со лични податоци кои ги водат контролорите и може да ти помогне во остварување на погоре наброените права, особено правото да бидеш информиран.

**Право да бараш исправка и бришење на личните податоци**

ЗЗЛП предвидува и право да забраниш да се користат твоите лични податоци, односно имаш право да се спротивставиш на контролорот да собира и чува твои лични податоци. За чувствителните податоци како што се здравствената состојба или религиската припадност, потребна е твоја писмена согласност за податоците кои се собираат и чуваат. Се разбира, ти не можеш да се спротивставиш да се обработуваат лични податоци за тебе кога тоа е предвидено со закон (на пример, податоци во твоето школско досие).

**ИЗВОР: Дирекција за заштита на личните податоци**
**http://www.dzlp.mk/**

## СТРИП




www.comicscenter.mk

Автор: Методија Стојановски, СОУ „Гоце Делчев“, Куманово

Во соработка со Стрип центар на Македонија

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

### Грантови за медиумска писменост

Високата школа за новинарство и за односи со јавноста објавува повик за доделување грантови за граѓански организации кои ќе предложат иницијативи за унапредување на медиумската писменост. Предност ќе се даде на предлози кои ќе ја поттикнат критичката перцепција за медиумските содржини кај средношколците и младите. Се избираат осум граѓански организации кои ќе добијат грант до 5.000 евра. Повикот е отворен до 20 октомври. Повеќе информации на www.medium.edu.mk.

### Глобална недела за медиумска и информативна писменост

Иницијативата на УНЕСКО и на Алијансата на цивилизации при ОН (UNAoC), ГАПМИЛ ги повикува сите заинтересирани субјекти кои се занимаваат со креирање на медиумски содржини или промоција на медиумска писменост да се приклучат кон „Global MIL Week 2016“ со свои иницијативи за медиумска писменост, академски трудови, истражувања, студии на случај, докази и препораки за откритија за медиумската и информативната писменост. „Global MIL Week 2016“ ќе се одржи од 1 октомври до 5 ноември во Сао Паоло, Бразил. Повеќе информации на https://en.unesco.org/global-mil-week-2016.

### Натпревар за краток филм „Грин-го“ (Green-Go)

Работната група на Централна и Источна Европа за биоразновидност (CEEweb for Biodiversity) ги кани сите млади заинтересирани за правење кратки филмови да учествуваат на петтиот по ред натпревар за краток филм „Грин-го“ (Green-Go). Организаторите очекуваат кратки креативни филмови за земјоделство, економија и за придобивките од природата. Целта е да се најдат филмови кои ќе ја подигнат свеста за одреден проблем или ќе понудат решение. Ќе се избираат победници во три категории, кои ќе добијат ваучер од 700 евра. Конкурсот е отворен до 31 октомври. Повеќе информации на greengofest.eu.

### Меѓународен натпревар „Land for Life Youth Social Media Activist Challenge“

Конвенцијата на Обединетите нации за борба против сеча на шумите (UNCCD) ги повикува сите активисти на возраст од 16 до 40 години, кои работат на зачувување на природните ресурси и промовираат вакви акции кај своите врсници и кај локалните заедници преку социјалните медиуми, да учествуваат на меѓународниот натпревар „Land for Life Youth Social Media Activist Challenge“. Ќе се избираат тројца победници чии стории ќе бидат објавени на UNCCD и ќе учествуваат на Интернационалниот младински настан. Конкурсот е отворен до 31 октомври. Повеќе информации на http://www.unccd.int